Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2014 ГОДИНА



ЈАНУАРИ 2015 год.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014 ГОДИНА ЗА РАБОТАТА НА НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ П Р И Л Е П

заштита на спомениците на културата

јануари 2015 година

Основна дејност на Националната Установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп (во понатамошниот текст НУ Завод и Музеј - Прилеп) е заштитата на спомениците на културата и музејската дејност.

Заштитата на спомениците на културата се остварува преку:

-изработување на студии, елаборати, анализи и други материјали поврзани со заштитата на спомениците на културата;

-изработување на проекти за конзервација, реставрација, реконструкција и други облици на непосредна заштита на спомениците на културата;

- вештачења, надзор, ревизија и други работи од областа на заштитата на спомениците на културата;

-води регистри на спомениците на култура;

-води стручна евиденција и документација за спомениците на културата;

За 2014 година, во Програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата - од областа на заштитата на културното налседство, беа одобрени средства за реализација на 22 Проекти и тоа:

1. **Изработка на Елаборат за валоризација на куќа на ул. Таќа Бербер бр. 19 во Крушево.**
2. **Изработка на Елаборат за валоризација на куќа на ул. Благој Целев бр. 17 во Крушево.**
3. **Изработка на Елаборат за валоризација на административна зграда на Одделение за катастар на недвижности(Катастар) Прилеп.**
4. **Изработка на Елаборат за ревалоризација на куќа на Мара Јосифоска бр. 10 во Прилеп .**
5. **Изработка на Елаборат за ревалоризација на куќа на ул. Шула Мина бр. 34 во Крушево.**
6. **Изработка на Елаборат за ревалоризација на куќа на ул. Партизанска бр. 6 во Крушево.**

7. **Изработка на Елаборат за ревалоризација на куќа на ул. Мише Ефтим бр. 20 во Крушево.**
8. **Изработка на Елаборат за ревалоризација на куќа на ул. Манчу Матак бр. 34 во Крушево.**
9. **Археолошки истражувања на локалитетот Трештена Стена, с. Манастир, КО Манастир, Мариово.**
10. **Изработка на Основен проект за реставрација и конзервација на влезната порта од манастирскиот комплекс Св. Арахангел Михаил во Варош , Прилеп**
11. **Изработка и реализација на проект за конзервација на фасадата на куќа на ул. Моша Пијаде 130 во Прилеп.**
12. **Конструктивно зајакнување на темелите од црквата св. Никола во с. Манастир, Мариово.**
13. **Непосредна заштита - реализација на дел од конзерваторски проект конзервација на фасадата на куќа на ул. Нико Доага 65 во Крушево - прва фаза - препокривање и зајакнување на темелите.**
14. **Непосредна заштита - Реализација на конзерваторски проект II фазана фрескоживописот во црквата св. Никола, с. Манастир, Мариово.**
15. **Санација на кровниот покривач, дворот и оградниот ѕид од спомен домот на Блаже Конески во с. Небрегово, Општина Долнени.**
16. **Непосредна заштита- тековно одржување на галеријата Никола Мартиноски во Крушево.**
17. **Непосредна заштита- тековно одржување на стар потпорен ѕид околу споменикот Илинден во Крушево.**
18. **Непосредна заштита - реализација на Проект за темелна реконструкција на источен конак во манастирот св. Арахангел Михаил, Варош, Прилеп.**
19. **Мерење на оскултацијата на Саат Кула во Прилеп, после извршената консолидација.**
20. **Санација на почвено тло и бетонска подлога под иконсостасот на црквата св. Јован во Крушево.**
21. **Изработка на Заштитно конзерваторски основи (ДУП за Варош) (ДУП за споменичка целина Крушево), (УПВНМ локалитет Маркови Кули).**

22. **Ревалоризација на 25 споменици на културата.**
23. **Реализација на основен проект за санација, реконструкција и реставрација на конаците од манастирот Трескавец.**
24. **Изработка на Проект нза конзервација и реставрација на црквата и трпезаријата во манастирот трескавец.**
25. **Изработка на Проект за реставрација и конзервација на маѓерницата, маѓерничкиот конак и камбанаријата во Манастирот Трескавец.**

I. Реализација на проектите од областа на заштитата:

1. **Изработка на Елаборати за валоризација на куќи на улиците Таќа Бербер бр. 19 и Благој Целев бр. 17 во Крушево.**

Раководител на тимот: Печијареска Васка, диа, конзерватор советник

Стручен кадар: Драгана Куртевска, диа, надворешен соработник
Елена Ѓорѓиевска , диа, конзерватор

Временска рамка: Од 20.06. па се до 20.07.2014

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 10.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Проектотите се реализирани во временската рамка и испратени за добивање на решение - споменик на културата до Управата за заштита на културното наследство. Од Управата за заштита на културното наследство добиен е извештај со барања за несуштински забелешки, но поради болест на раководителот истото не е направено. Со враќањето на раководителот на работа истите ќе бидат завршени, согласно барањата.

2. **Изработка на Елаборат за валоризација на административната зграда на Одделение за катастар на недвижности (Катастар) Прилеп.**

Раководител на тимот: Јованоски Кире, диа, конзерватор советник

Стручен кадар: Ѓеорѓиевска Елена, диа, конзерватор
Грибовска Сузана, диа, конзерватор
Виктотр Јованоски, техничка обработка, надворешен член

Временска рамка: од 26.09 па се до 15.10.2014

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во култура за овој Проект беа одобрени средства во висина од 10.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Проектот е реализиран во временската рамка и испратен за добивање на решение - споменик на културата до Управата за заштита на културното наследство.

3. **Изработка на Елаборат за ревалоризација на куќа на Мара Јосифоска бр. 10 во Прилеп.**

Раководител на тимот: Јованоски Кире, диа, конзерватор советник

Стручен кадар: Ѓеорѓиевска Елена, диа, конзерватор
Грибовска Сузана, диа, конзерватор
Виктотр Јованоски, техничка обработка, надворешен член

Временска рамка: од 6.10. па се до 15.10.2014

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во култура за овој Проект беа одобрени средства во висина од 10.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Проектот е реализиран во временската рамка и испратен за добивање на решение - споменик на културата до Управата за заштита на културното наследство.

4. **Изработка на Елаборати за ревалоризација на куќи во Крушево и тоа на улиците:**

Шула Мина бр. 34

Партизанска бр. 6

Мише Ефтим бр. 20

Манчу Матак бр. 34

Раководител на тимот: Печијареска Васка, диа, конзерватор советник

Стручен кадар: Драгана Куртевска, диа, надворешен соработник
Елена Ѓорѓиевска , диа, конзерватор

Временска рамка: Од 20.06. па се до 31.07.2014

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 10.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Проектот е реализиран во временската рамка и испратен за добивање на решение - споменик на културата до Управата за заштита на културното наследство. Од Управата за заштита на културното наследство добиен е извештај со барања за корекции, но поради болест на раководителот истото не е направено. Со враќањето на раководителот на работа истите ќе бидат завршени, согласно барањата.

5. Археолошки истражувања на локалитетот Трештена Стена, с. Манастир, КО Манастир, Мариово.

Раководител на тимот: Александар Миткоски, кустос советник
Стручен кадар: Сашо Ацески, археолог, надворешен соработник

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 200.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Временска рамка: од 12.05 па се до 20.06.2014

Реализација: Се работеше во просторот на квадрантите 17,18, 20, 25, 25А и Сондата IV. Откриени се архитектонски остатоци кои потврдуваат дека жителите во оваа населба граделе надземни куќи од дрвена граѓа и лепеж. Одделни парчиња од лепеж и отпечатоци од обли дрва, укажуваат на фактот дека станува збор за масивна конструкција која била користена во подолг временски период. Подовите биле од цврсто набиена глина.Во една градба откриен е култен објект - вкопан во подот на истата. Култниот објект е со правоаголна форма и ориентација СЗ-ЈИ што зборува за високо развиен духовен живот на луѓето од ова населба, а самите конструкции најверојатно биле во функција на обредниот чин поврзан со култот на плодноста, за што потврда е култното лебче пронајдено токму во овој простор.
Пртонајдени се голем број фрагменти од керамички садови - жртвеници, антропоморфни фигурини, прешлени, кружни плочки и фрагменти од пинтадери.

Во ова година новина претставува жртвеникот со кружна форма и плиток реципиент на четири нозе и два помали зооморфни жртвеници.

Од останатите наоди вредно е да се споменат и секирата од камен, ножиња од кремен, орудија од коска, речните школки, и бројни животински коски што само по себе укажува дека жителите кои го населувале овој простор покрај со сточарство се занимавале и со лов и риболов.Додека пак пронајдените рачни мелници се потврда дека во населбата имало развиено земјоделство.

Истражувањата во оваа година заедно со оние од предходните години , ќе придонесат за поголемо запознавање на домашната секако и странската научна и стручна јавност за населбите, квалитетот и начинот на живот во праисторијата во широкото пространство на мариовскиот дел од Македонија.









6. Изработка на Основен проект за реставрација и конзервација на влезната порта од манастирскиот комплекс Св. Арахангел Михаил во Варош, Прилеп

Раководител на тимот: Јованоски Кире, диа, конзерватор советник

Стручен кадар: Ѓорѓиевска Елена, диа, конзерватор

Виктор Јованоски, техничка обработка, надворешен член

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 120.000.оо ден. кои во тековната година не се преведени на сметката на нашата установа па се пренесена обврска за 2015 г.

Временска рамка: Ноември и Декември .2014 г.

Реализација: Проектот е реализиран во временската рамка и испратен за стручна контрола во НКЦ после што би се испратил во УЗКН за добивање на конзерваторско одобрение.

7. **Изработка и реализација на проект за конзервација на фасадата на куќа на ул. Моша Пијаде 130 во Прилеп.**

Раководител на тимот: Васка Печијареска, диа. конзерватор советник

Стручен кадар: Елена Ѓеорѓиевска,диа,конзерватор

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 2. 000.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 15% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Поради изборите и проблемите при добивање на конзерваторското одобрение, со објавување на тендерот се започна во август 2014 година. после два неуспешни тендери, се склучи договор со избраниот изведувач ГИМ од Скопје па реализацијата започна на 15.10.2014. Кон крајот на 2014 поради неповолните временски услови(ниски температури) непосредната реализација беше стопирана во завршната фаза на доработка на фасадата, која ќе продолжи со подобрување на временските прилики.

Со реализацијата на проектите за конзервација на фасадите се спречуваат поголемите оштетувања на објектите кои се културно наследство, со што тие остануваат во одлична состојба важна за нивната презентација пред домашните и странските посетители.
Конзервираните фасади сведочат за богатиот културен живот во нашата средина, ништо помалку репрезентативен градски живот манифестиран како преку изградбата на куќите во неокласичен европски стил потенциран и со употребените елементи на архитектонската декорација. Сите овие елементи претставувале и статусен симбол на сопствениците, доказ за нивната европеизираност и современост.





8. Конструктивно зајакнување на темелите од црквата св. Никола во с. Манастир, Мариово.

Раководител на тимот: Илија Ристески, диа. Виш конзерватор

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 2. 000.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 25% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Во текот на оваа кампања заокружен е процесот на темелење на црквата св. Никола во с. Манастир, Мариово, КО Прилеп.
Имено заедно со превземените кампањи во минатите години кога беа зајакнати темелите на источната, јужната и северната страна оваа година беше завршен и најкомплицираниот дел од темелењето на црквата односно санирање на темелите на западната страна бидејќи на оваа страна ѕидот лежи врз насип од земја. Со текот на времето се поизразено беше тонењето на земјениот насип на што како последица се појавуваа вертикални пукнатини како на западниот така и на другите ѕидови со што беше загрозен и фрескоживописот во црквата.
По завршувањето на темелењето ќе се премине на изработка на Проект за препокривање и конзервација на ѕидовите на црквата.

9. **Непосредна заштита - реализација на дел од конзерваторски проект конзервација на фасадата на куќа на ул. Нико Доага 65 во Крушево - прва фаза - препокривање и зајакнување на темелите.**
10.

Одобрени средства: Проектот е реализиран во рамките на одобрените средства

Реализација: Во текот на 2014 се реализира првата фаза од овој прокет, што опфати целосна замена на кровот. Имено уништувањето на објектот низ годините започнало поради прокиснување на покривот, поради што во овогодишната кампања се започна со комплетна замена на гредите во подпокривниот дел после што беше поставена нова хидро и термичка изолација. Врз неа ставени се нови камени плочи со кои вратен е автентичниот изглед на покривот. На крајот ставени се и нови хоризонтални и вертикални олуци.
После оваа фаза на санација на состојбата со покривот поради новите товари кои куќата ги доби со замената на камените плочи , се појави потреба од соодветно статичко санирање на темелите. Имено зајакнати се темелите на објектот. Во текот на 2015 година ќе се продолжи со реализација на втората фаза од проектот , односно конзервација на ѕидовите , дрвените декоративни елементи, прозорците и вратите на фасадата од објектот.

Реализацијата на овој проект не само за Крушево но и за Република Македонија е од големо значење. Куќата како пример за старогрдска крушевска куќа е своевиден споменик за градителското наследство на нашата земја. Со враќањето на стариот изглед на куќата и на сите градби од овој тип, добиваме споменици на културата кои со тоа што ја отсликуваат нашата градителска традиција привлекуваат и голем број домашни и странски туристи кои не само што ќе се запознаат со неа туку се и потенцијални гости на Крушево.
На овој начин се збогатува туристичката понуда на Крушево и Македонија бидејќи во овој дел на Крушево веќе се создаде една целина на конзервирани објекти.
Имено во непосредна близина на куќата, на оддалеченост од околу 5м. се наоѓа Галеријата Никола Мартиноски чиј ентериер е конзервиран во 2013 а екстериерот оваа година, со Проекти изработени од НУ Завод и Музеј Прилеп и средства од Министерството за култура.









11. Непосредна заштита - Реализација на конзерваторски проект II фаза на фрескоживописот во црквата св. Никола, с. Манастир, Мариово.

Раководител на тимот: Атанасоски Благоја, козерватор советник

Стручен тим: Верговски Драган, конзерватор советник, надворешен соработник
Момчило Трајковски, конзерватор советник, надворешен соработник
Јасминка Николич, конзерватор советник, надворешен соработник

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 200.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 90% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Временска рамка: од крајот на Август до крајот на Октомври 2014 г.

Реализација: Ова година целосно е изработена техничката документација на фрескоживописот во црквата од централниот брод и апсидата.

Конзервацијата на фрескоживописот во црквата заедно со конзервацијата на архитектурата ќе овозможат целосна заштита и враќање на автентичната состојба на овој значаен споменик на културата.
Овој бисер на сакралната архитектура во текот на целата година посетуван е од голем број домашни и странски туристи, стручни лица и патници намерници, за кои не претставува никаков проблем далечината од Прилеп, далечината од цивилизацијата во огромното пространство на Мариово, каде граници се само манастирот со својата црква, небото, убавините на реката Црна и планинските врвови со кои е обвиткано.







12. Санација на кровниот покривач, дворот и оградниот ѕид од спомен домот на Блаже Конески во с. Небрегово, Општина Долнени.

И покрај 4 објавени огласи за јавна набавка за реализација на Проектот до истата не дојде поради немање на интерес од страна на изведувачите со А лиценца за изведување на занатски работи, дополнително обременето со непристапност (селски пат на места макадам) и голема оддалеченост од Прилеп.

13. Непосредна заштита - тековно одржување на галеријата Никола Мартиноски во Крушево.

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 500.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 60% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Со реализацијата на овој Проект се заокружи процесот на тековно одржување на Галеријата Никола Мартиноски кој започна во 2013 со екстериерното уредување и санација, а продолжи оваа година со уредување на ентериерот.
Имено оваа година беа бојадисани сите простории во галеријата. Целокупната внатрешна дограма, останатите дрвени елементи, скали, подови, опшивки и дрвени таваници во галеријата беа премачкани со заштитни средства и бојадисани. Уредување и организација на просторот за потребите на вработените. Замена на дотраената електрична инсталација од монофазна во трофазна, поставување на ново квалитетно осветлување на уметничките слики. Поставена е и нова метална ограда околу галеријата во должина од 32м. и заменети се канделабрите кои го осветлуваа дворот.









14. Непосредна заштита- тековно одржување на стар потпорен ѕид околу споменикот Илинден во Крушево.

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 800.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 37,5% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Проектот е реализиран согласно планираното. Имено стариот потпорен ѕид во непосредна близина на споменикот Илинден, поради свлечиште и запоставеност, со текот на времето е деструиран па како последица на тоа во кругот на споменикот не ретко влегувал добиток за напасување. При реализацијата санирани 120 метри од ѕидот.







15. Непосредна заштита - реализација на Проект за темелна реконструкција на источен конак во манастирот св. Арахангел Михаил, Варош, Прилеп.

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 3.000.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 29% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Оваа година се релаизира третата фаза на Проектот за темелна реконструкција на источниот конак од манастирот св. Арахангел Михаил во Варош, Прилеп. Во оваа фаза беше изграден последниот sидан кат и и беше изработена подпокривната конструкција и покривот.Реализацијата беше забавена со неповолните временски услови, дождови и ниски температури, неприкладни особено за бетонските елементи. Реализацијата продолжува во 2015, последната четврта фаза која со монтирање нна вратите прозорците, уредување на внатрешноста на објектот, водовод и канализација како и вградување на елетричната инсталација.

Реализацијата на Проектот е од големо значење поради евидентната потреба од овој конак. Имено после уништувањето на овој конак со пожарот во 16 век, во повеќе наврати се правеле обиди да се обнови. Последниот обид датира од 1995 година кога поради лоши конструктивни решенија иако изграден до првиот кат, конакот сепак се срушил.
Со целосната реализација на овој Проект, манастирот Св. Арахангел Михаил ќе се вообличи како манастирски комплекс, нешто што во овој момент

недостасува, и што е од голема важност и за самиот манастир но и за жителите на Прилеп, Македонија и за странските посетители.





16. Мерење на оскултацијата на Саат Кула во Прилеп, после извршената консолидација.

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 300.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација : На објавениот оглас за јавна набавка, избран е изведувачот Геинг Кребс унд Кифер од Скопје кој во месец Јули 2014 година ги заврши работите согласно објавениот оглас.

Саат Кулата има форма на правилна шестоаголна призма, со височина доврвот на поставениот крст - 40м**.** Со тек на времето дошло до најкривување на кулата во правец на запад при што отстапување на оската по вертикалата. За спречување на понатамошното накривување на кулата извршени се санациони активности при што е зајакната и прошитена основата на кулата.

Овогодинешната геодетска оскултација претставува осмо мерење од 1998 година .

Поради уништување на сите реперни точки од претходните мерења, уништени при конструктивната консолидација, поставени се нови реперни точки во основата на објектот. Оваа нова серија на мерења ќе се смета за нулта серија со која ќе се споредуваат резултатите од следните серии геодетски мерења.

Деформациите на точките од така наречената горна зона во однос на предходната серија на мерења покажаа дека се движат од 226 мм до 237 мм и сите имаат западна насока на протегање.

Линеарната вредност на отстапувањето по вертикала од означеното тежиште во основата со овогодинешната оскултација изнесува вкупно 1064 мм.Со анализирањето на вертикалните деформации настанати помеѓу двете последни оскултации (2009 и 2014) се воочи дека во точките кои се стабилизирани на западната страна од кулата , слегнувањата се за околу 44 мм. поголеми од оние на источната страна.

17. Санација на почвено тло и бетонска подлога под иконсостасот на црквата св. Јован во Крушево.

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 850.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација:

Во текот на реализацијата на овој проект се реши долгогодишниот проблем на тонење и искривување на иконостасот во црквата поради што постоеше опасност да се оштетат и иконите поставени на него.

Имено источната страна на северниот ѕид и апсидата биле сосидани на земјен насип заради хоризонтална нивелација на теренот. Со тек на времето дошло до слегнување на земјениот насип.

Реализацијата на проектот започна со внимателно отстранување на мермерните плочи во апсидата, од скалите пред иконостасот и просторот пред нив, за да не се оштетат и истите да се вратат по завршување на работите.
Потоа по должина на иконсоатсот од страна на апсидата и од надворешната страна се копаа бунари со длабочина од 3 до 8 м. во кои се лиеја АБ. лентовидни темели. За тоа време под иконостасот се поставуваа масивни дрвени греди-носачи на конструкцијата од иконостасот за да се осигура неговата стабилност за време на работата.

Со реализацијата на Проектот , заштитен е уште еден споменик на културата кој во изминатите децении бил препуштен на случајот без да се превземат неопходните мерки на заштита, со што не само иконостасот туку со тек на времето можело да се одрази и на стабилноста на архитектурата на црквата со оглед на тоа дека црквата во тој дел, поради падот на теренот, лежи врз земјен насип.













18. Изработка на Заштитно конзерваторски основи (ДУП за Варош) (ДУП за споменичка целина Крушево),(УПВНМ локалитет Маркови Кули)

Проектите за изработка на Заштитно конзерваторски основи за УБ и УЕ во Прилеп и Крушево не се реализирани бидејќи ЛС на Општините Прилеп и Крушево до НУ Завод и Музеј од Прилеп не доставија Ажурирани геодетски подлоги кои се предуслов за изработка на основите.
Одобрените средства за оваа намена во висина од 260.000.оо ден. се вратени во Министерството за култура.

19. Ревалоризација на 25 споменици на културата.

Согласно Програмата и динамиката за валоризација и ревалоризација на спомениците на културата, доставена во Август 2014 година, од страна на Управата за заштита на културното наследство, за чија заштита е месно надлежна нашата Установа, а се однесува за периодот од 2014 заклучно со 2017, во 2014 изработени се следните Елаборати и тоа:

- црква св. Никола с. Зрзе
- Могила на непобедените
- Саат Кула во Прилеп
- Стара чаршија
- Чарши Џамија
- Манастир Трескавец со манастирската црква Успение на Пресвета Богородица со конаците
- археолошки локалитет Стибера с. Чепигово

додека нереализирани останаа :

- манастирскиот комплекс Зрзе со црквата св. Спас и св. Преображение, и
- Куршумли ан.

НАПОМЕНА: Средствата кои се предвидени за реализација на овие Елаборати, ни оддалеку не ги покриваат трошоците за изработка на истите. Имено, повеќето од недвижното културно наследство, се оддалечени од Прилеп и до 150 км. па доаѓаме во ситуација со предвидените средства за реализација да не може да се покријат само трошоците за гориво а камоли за печатење на елаборатите. Затоа апелираме при предвидувањата на програмите а со тоа и на средствата да се направат консултации со меснонадлежните установи за реално да се предвидат потребните средства , бидејќи во спротивно реализацијата нема да биде можна.

20. Реализација на основен проект за санација, реконструкција и реставрација на конаците од манастирот Трескавец

Раководител на тимот: Илија Ристески, диа.Виш конзерватор
Стручен тим: Грибовска Сузана,диа.конзерватор
Ѓорѓиевска Елена, диа. конзерватор
Бикоски Сашо, дги. надворешен соработник за статика

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 15.000.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 9.5% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г која се однесува на реализацијата на сите три проекти поврзани со манастирот Трескавец.

Временска рамка: Во текот на оваа година Основниот Проект требаше да биде завршен, да се објави оглас за потреба од јавна набавка, да се избере изведувач и да се започне со реализација.

Реализација: Комисијата за стручна контрола формирана од Национален конзерваторски центар до нашата установа достави 3 извештаи со барања за корекции на истиот, така што во тек е имплементацијата на истите во проектот.

Изработка на Проект на конзервација и реставрација на црквата и трпезаријата во манастирот трескавец.

Раководител на тимот: Печијареска Васка, диа. конзерватор советник
Стручен тим: Грибовска Сузана,диа.конзерватор
Ѓорѓиоски Дарко,диа. надворешен соработник
Бикоски Сашо, дги. надворешен соработник за статика

Реализација: Во насока на изработка на проектот, најпрво се започна со опсежни археолошки истражувања на просторот во црквата и трпезаријата со цел да се добијсат податоци за историјатот на црквата и трпезаријата, фазите на нивна изградба, вклучително и на фрескоживописот во овие објекти.
После завршените истражувања се извршија конзерваторски анализи. Извршени се исто така и геомеханички истражувања на просторот во црквата и

трпезаријата како и надвор од нив, а следуваа и истражувањата односно мерењата на амбијент вибрации со кои се одреди статичката стабилност на овие два објекти.
После завршување на сите овие истражувања, не се продолжи со реализација на планираната динамика поради потребата сите расположиви стручни лица да се ангажираат на доработка и имплементацијата на бараните корекции на проектот за конаците.

Изработка на Проект за реставрација и конзервација на маѓерницата, маѓерничкиот конак и камбанаријата во Манастирот Трескавец.

Раководител на тимот: Ристески Илија, диа. Виш конзерватор
Стручен тим: Ѓорѓиевска Елена, диа. конзерватор
Бикоски Сашо, дги. надворешен соработник за статика

Реализација: Во насока на изработка на проектот, најпрво се започна со опсежни археолошки истражувања на просторот во маѓерницата, маѓерничкиот конак и камбанаријата, со цел да се добијат податоци за историјатот на овие објекти.
После завршените истражувања се изврши конзерваторски анализи. Извршени се исто така и геомеханички истражувања на просторот во и надвор од објектите, а следуваа и истражувањата односно мерењата на амбијент вибрации со кои се одреди нивната статичка стабилност.
После завршување на сите овие истражувања, не се продолжи со реализација на планираната динамика поради потребата сите расположиви стручни лица да се ангажираат на доработка и имплементацијата на бараните корекции на проектот за конаците.

II. ВОНПРОГРАМСКИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

1.Систематски архолошки ископувања на локалитетот Стибера кај с. Чепигово, прилепско

Раководител на тимот: Темелкоски Душко, Виш кустос, археолог

Реализација: Овој капитален проект, реализиран е во периодот од 12.05 па се до 03.07.2014 година**.**
Во текот на овогодинешната кампања се работеше на два повеќе пунктови и тоа:
Бакарно Гумно
Храм на богинката Тихе

Бакарно Гумно: С-З од централното урбано јадро на градот Стибера и локацијата Бедем, откриени се остатоци од жртвеник од царско римскиот период. Објектот е со квадратна форма и со должина на секоја страна од 5м. Темелот на објектот е од ситно кршен камен мешан со варов малтер, и посипан со дробен мермер додека пак долните видни партии се од убаво делкани мермерни правоаголни блокови од кои неколку се in situ, додека централниот

дел од градбата е уништен. Откриени се и еден полустолб и неколку елементи од горниот дел на градбата.
Со сигурност не може да се каже на кого му бил посветен жртвеникот бидејќи не се најдени никакви други наоди кои би упатиле на тоа.

Храм на богинката Тихе : На 17 м. јужно од храмот на богинката Тихе откриени се две градби
работилница
светилиште
репрезентативна градба

работилница: според пронајдените движни наоди, две бронзени монети од кои едната монета е од градот Амфиполис и монета од императорите Август и Клавдиј, работилницата е датирана во периодот од 2 в.п.н.е. па се до 1.в.н.е.Пронајдени се 7 јами со различни димензии и намени, два цевководи и три печки. Цевководите поаѓаат од најголемата јама при што едниот бил за одвод на вишокот складирана вода, додека пак другиот поминува под најголемата печка и служел за загревање на водата при производниот процес.
Намената на ртаботилницата не е дефинирана.

светилиште: датира од 3 в.н.е. и го сочинуваат две простории. Се претпоставува, по начинот на градење од времето кога градот Стибера постепено економски слабее. Во двете простории покрај западниот ѕид биле оформени ниски платформи, кон кои радијално биле позиционирани три мали конструкции од тенки мермерни плочки. На подот од двете простории пронајдени се голем број фрагменти од керамички и стаклени садови, но и неколку бронзени монети (македонски коинон). На култниот карактер на градбата упатува подна плочка со рељефно претставено божество со лице на птица со едно големо око свртено кон лево, со раце и нозе од птица.

Светилиштето е од времето кога се намалува верувањето во божествата од римскиот пантеон за сметка на верувањата во други култови и божества. Не може со сигурност да се каже дека претставата е на божеството Хорус иако сите атрибути на претставата упатуваат на тоа.

репрезентативна градба : се наоѓа на 60 м. северно од храмот Тихе. Имено откриени се два монументални архитектонски мермерни елементи. Откриен е дел од монументалната градба - источен и северен ѕид дел од платформа со мал жртвеник покрај неа и некоку мермерни блокови фланкирани на самиот под врз кои најверојатно стоеле некакви споменици или скулптури.

Ѕидовите на градбата од внатрешната страна, богато се декорирани со луксузна штуко техника со имитација на монументален opus isodomum. Долното декоративно поле било обоено во црвена боја додека горните полиња во правоаголна форма се со светла боја. Откриен е и еден епиграфски споменик со почесен натпис на грчки јазик, според кој, споменикот бил изграден од страна на Собранието на демосот (народот) на градот Стибера во чест на жена со име Флавија, ќерка на виден граѓанин од Стибера. Пронајдени се фрагменти од садова керамика и една бронзена монета, всушност псевдоавтономна емисија на градот Стоби, кована во времето на римскиот император Веспазијан во I век.

Најверојатно дека овој простор претставувал Собранието на градот Стибера, поради тоа што во мал дел од истаочната страна на условно кажано надворешната страна од ѕидот, евидентирани се фрагменти од ѕидна и подна оплата како и делови од малтерна декорација.

Секако дека истражувањата во идните кампањи ќе ги потврдат или демантираат претпоставките.

Паралелно со археолошките истражувања се изработуваше документираше преку скици и цртежи техничката документација за откриените објекти. Сите откриени објекти се мереа и исцртуваа најпрво на милиметарска хартија во соодветен размер со што се формираа графичките прилози како основа за понатамошни конзерваторски истражувања, и конечно, изработка на основен проект за конзервација.

Со ставањето на локалитетот Стибера во редот на капиталните проекти на Министерството за култура, како и висината на средствата за конзервација на откриеното, оваа година придонесоа за голема популаризација и запознавање на македонската и пошироката јавност за важноста на овој локалитет, кој изминатите 30 години неправедно бил запоставен во смисол на средства.
Доказ за се поголемиот интерес за посета на Стибера се се почестите барања од туристичките агенции за информации како да се дојде до локаалитетот но и се поголем број на школски екскурзии кои го посетиле . Од голема важност се посетите на младите луѓе кои од најраната возраст но и средношколците на самото место се запознаваат и се учат да го почитуваат и да бидат горди на културното наследство на Прилеп , а со тоа и на Македонија.



Истражувачко поле храм Тихе - јужна тераса - култна градба и работилница



Работилница



Бакарно гумно - жртвеник



Булевтерион



Булевтерион детал црвено фрескобоење



Монета Македонски коинон, аверс



претстава на Хорус



теракота - жена

2. Вршење увиди по барање на Управата за заштита на културното наследство за легализација на објекти

Во текот на оваа година извршени се вкупно **71** увиди кои се однесуваат на легализација на дивоградби на територијата на нашата меснонадлежност, односно во Прилеп и Крушево.

НАПОМЕНА:
За увидите што се однесуваат на легализација на бесправно изградените објекти бидејќи се вонпрограмска активност, очекуваме дека ќе бидат одобрени дополнителни средства за гориво и поштенски трошоци, бидејќи во спротивно се доведува во прашање реализацијата на барањата доставени до нашата установа.

3. Стручна контрола на Проекти изработени од други правни субјекти, или по барање на физички лица

Во текот на оваа година Комисии формирани од стручните лица во НУ Завод и Музеј, извршија стручна контрола на **5** Проекти (идејни и основни).

4. Одговори на барања и увиди по барања на правни и физички лица

Во текот на 2013 година стручните лица од нашата установа извршија увиди по барање на правни и физички лица и одговорија на барања од правни и физички лица во вкупно **38** случаеви.

5. Ативности поврзани со работата на НУ Завод и Музеј од Прилеп со директно ангажирање на директорот

- одржување на прес конференции посветени на работата на НУ Завод и Музеј од Прилеп како пишани така и електронски медиуми на ТВ Визија, ТВ Сонце, Канал 5, списанијата Нова Македонија и Зенит, Вечер,ТВ Сител, РТЛ, и др.
- Организација на сите активности поврзани со реализацијата на проектите
- одржување на коодинативни состаноци со вработените
- Организација и активно учество во работата комисиите за стручна контрола на проектите
- посета на сите локалитети каде се реализираат проектите
- директни контакти со заинтересирани правни и физички лица по нивно барање
- учество во работата на координативните состаноци на ЛС Општина Прилеп во организација на Градоначалникот на Општината.

III. Работи и активности на стручните служби

1.Педагошко водичката служба континуирано се реализираше во текот на целата година во сите објекти - надлежност на НУ Завод и Музеј Прилеп, и тоа:

- Спомен куќата на Кузман Јосифоски - Питу
- Спомен куќата на Блаже Конески во с. Небрегово
- Меморијален музеј 11 Октомври 1941 г
- Археолошка поставка
- Галерија на икони
- Музеј за тутун
- Могила на непобедените

Посетите на сите објекти се состојат од школска младина, поединечни, организирани од сојузите на пензионери и странски групни и поединечни.
Во сите објекти регистрирана е посета од **3000** лица.

2. ИНДОК центар

Специјална библиотека

Во текот на 2014 година набавена е, примена и стручно обработена стручна литература од земјата и странство, добиена по пат на размена, претплата, и поклон.
Книжниот фонд на специјалната библиотека го сочинуваат :
книги **2339**,
списанија **1857** и
прирачна литература **159** примероци.
Едновремено се води постојана кореспонденција за набавка на книги и списанија по пат на размена и претплата.
Во склоп на работата на дигитализација на културното наследство за во базата на Националниот информативен систем обработени се и внесени 6 културни добра од недвижното културно наследство и започнат е процесот на дигитализација на движното културно наследство согласно упатствата и насоките од Управата за заштита на културното наследство.

Фотограф

Изработена е фото документација за:
-Извршено е скенирање и обработка на негативи и фотографии за потребите на Одделенијата.
-Сите направени увиди се поткрепени со соодветна фото документација.
-Изработка на фотографии за извештаи по проекти.

Директор на
Н.У. Завод и Музеј Прилеп

_____
Гордана Данилоска Спироска

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014 ГОДИНА ЗА РАБОТАТА НА НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ П Р И Л Е П

музејска дејност

јануари 2015 година

ПРОЕКТИ ОД МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Во текот на 2014 година, во Програмата на Министерството за култура - музејска дејност, беа одобрени средства за реализација на 6 проекти и тоа:

1. **Реализација на постојана етнолошка поставка во НУ Завод и Музеј Прилеп.**
2. **Конзервација на 12 метални предмети од археолошкиот локалитет Сламите, с. вепрчани, прилепско.**
3. **Конзервација и реконструкција на керамички садови и фрагменти од археолошкиот локалитет Трештена Стена, с. Чаниште, мариовско.**
4. **Чистење и подготовка за конзервација, на 22 книжни икони и 20 фрагменти од книжните икони од црквата св. Благовештение, Прилеп.**
5. **Откуп на предмети за збирката експонати од Постојана поставка во музејот за тутун -индустриска збирка.**
6. **Изработка на проект за конзервација на икони од црквата св. Никола, с. Кривогаштани, прилепско.**

Реализација на проекти од музејска дејност

1. **Реализација на Проектот за постојана етнолошка поставка во НУ Завод и Музеј Прилеп**

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 700.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден кои делумно се реализирани а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација : Во програмата за 2014 - музејска дејност, НУ Завод и Музеј, Прилеп, доби средства за реализација на втората фаза од проектот за востановување на постојана етнолошка поставка - односно адаптација на простор за етнолошка поставка, како дел од планираната динамика која треба да заврши во 2015 г.
Оваа година втората фаза од Проектот не е реализирана поради тоа што на објавените 3 огласи за јавна набавка, не се пријави ниту еден економски опаратор.

Забелешка:
Причина за неуспешните тендери сметаме дека е тоа што за ваквите работи - ситни , односно работи кои по својата природа пред се се занаетчиски (замена на електрична инсталација, редење бекатон плочки, замена или фарбање на

дрвенарија и сл.) па големите градежни фирми со лиценца А, не го гледаат својот интерес да учествуваат. Од друга страна ние како Установи обврзани сме и за ваквите работи, според категоризацијата во законот за градење, да бараме изведувачи со А лиценца, а нив ги нема многу, (на пример во Прилеп ги има само 1-2, но и тие не се јавуваат на објавените тендери).

2. Чистење и конзервација на 12 метални предмети од археолошкиот локалитет Сламите, с. Вепрчани, прилепско.

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 20.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Металните предмети од овој локалитет се во различна состојба, зависно до материјалот од кој се направени и делувањето на околната средина во која биле закопани, односно минералната содржина на почвата. Предметите се пронајдени во гробови, изработени од железо, сребро и бронза, користени како накит или предмети за лична употреба.
Предметите од железо беа со видливи траги од земја и наслаги од рецидивна корозија но сепак со здраво јадро на металот и здрав,неоштетен површински изглед.Најпрво се механички исчистени а потоа поминаа низ процес во разни хемикалии за на крајот да бидат премачкани и заштитени со благ раствор од полародид.
Сребрените предмети се со различен квалитет и структура на среброто и лоша патина. Поради тоа најпрво се исчистени со благ раствор на хемикалии па потоа премачкани со благ раствор на полароид.
Бронзените предмети беа прекриени со рецидивна корозија во повеќе слоеви, па поради тоа најпрво се премина кон внимателно механичко чистење, при тоа водејќи сметка да не се оштети благородната патина која ја имаа неколку од предметите. Откако беа завршени сите процеси на чистење, предметите беа заради заштита премачкани со Полароид.
Монистата од плава и црвена стаклена паста исчистени се од земја и другите наслаги а потоа се изврши реконструкција со лепење.

После завршената конзервација предметите се спремни за понатамошна анализа, стручна обработка и презентација.
Со праксата да се одобруваат средства за конзервација на предметите пронајдени при археолошките истражувања се овозможува навремена заштита а со тоа и зачувување на истите.
Имено пронајдените делови од накит или монети и други наоди во гробовите не може да се третираат само со миење, потребен е сериозен пристап со за тоа наменети хемикалии , бидејќи не ретко предметите се покриени со рецидивна-штетна корозија која може предметот да го уништи додека да се добијат средства за набавка на хемикалиите.






3. Конзервација и реконструкција на керамички садови и фрагменти од археолошкиот локалитет Трештена Стена, с. Чаниште, мариовско

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 20.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Опфатени се керамички фрагменти кои се чистеа,фиксираа,лепеа и се изврши реконструкција, ретуш и презентација. Процесот започна со чистење на керамичките фрагменти од наслаги од земја и мноштво други нечистотии, после што се изврши селектирање и детекција при што е утврдено дека може да се реконструираат садови во форма, големина и автентичен изглед. Со оглед на тоа секој поединечен фрагмент е исцртан а потоа е исцртана и формата и изгледот на секој претпоставено реконструиран сад.
Станува збор за фрагменти од чаши со и без дршка, чинии со конусовидна, биконусна и полутопчеста форма. Најпрво се пристапи кон слепување на фрагментите па поединечно моделирање на негативи и оформување на целите садови. Од фрагментите реконструирани се 19 садови по што истите беа полирани па се изработуваа, (согласно аналогии) дршки, декоративни елементи (испакнувања, вдлабнувања, врежани орнаменти и сл.) па ретуширање на секој сад .

После завршената конзервација предметите се спремни за понатамошна анализа, стручна обработка и презентација.
Со праксата да се одобруваат средства за конзервација на предметите пронајдени при археолошките истражувања се овозможува навремена заштита а со тоа и зачувување на истите.









4. Чистење и подготовка за конзервација, на 22 книжни икони и 20 фрагменти од книжните икони од црквата св. Благовештение, Прилеп.

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 20.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Книжните икони и фрагментите пронајдени се при изведување на градежни работи врз црквата св. Благовештение. Пронајдени се свиткани во ролна во покривот на црквата, покриени со голем слој на прашина и нечистотија и големи количини на измет од птици.
При првичниот увид констатирано е дека врз иконите има наталожени прашина и птичји измет врз голем слој од парафински и восочни испарувања, најверојатно од времето кога истите биле изложени во црквата. Сите тие нечистотии во комбинација со просторот во кој биле сместени каде делувала промената на температура и влажноста на воздухот , делувале деструктивно на структурата на хартијата но и на графичкиот отпечаток врз неа, односно врз претставата. Дополнително врз иконите и фрагментите делувале мувлата, габите, и инсектите така што беше скоро невозможно да се дешифрира претставата на иконите.
Најпрво со огромно внимание механички се отстрануваа слоевите од прашина и птичји измет после што се изврши водено чистење па измивање со дестилирана вода за да се одстранат остатоците од миењето со благ раствор од сапун.Следен чекор кој се превзеде врз иконите беше нивното постепено сушење при што влагата им се одземаше со станиќева хартија, после што се соатваа да се сушат поставени на мазна површина при тоа за да не се деформираат поклопени се со плаксиглас плочи.
Вака третираните икони подготвени се за понатамошна конзервација со што би се овозможила крајна заштита на сите. Во овој момент се овозможи детекција на претставите врз иконите и нивна толкување.





5. Откуп на предмети за збирката експонати од Постојата поставка во музејот за тутун - индустриска збирка.

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 50.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Со одбрените средства за реализацијата на проектот откупени се 118 предмети-експонати депонирани во Музејот за тутун врз кои одма се премина кон евидентирање и подготовка за презентација. На овој начин , со откуп се збогатува збирката на музејот со ретки и вредни еспонати, збирка која предизвикува голем интерес кај посетителите што е евидентно со бројот на посети реализирани оваа и изминатите години.

6. Изработка на проект за конзервација на икони од црквата св. Никола , с. Кривогаштани, прилепско.

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за овој Проект беа одобрени средства во висина од 30.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 70% ден а останатите средства се пренесена обврска за 2015 г.

Реализација: Црквата св. Никола во с. Кривогаштани поседува вкупно 55 икони кои се претежно од типот на иконостасни (престолни, празнични, апостолски) а дел од нив се наоѓаат и по ѕидовите од наосот и на спратната галерија од црквата. Во текот на ова година направени се сите потребни активности на терен потребни за изработка на проектот, преку фотографирање на иконите а воедно се земаа и димензиите на сите икони кои ќе бидат предмет на конзерваторскиот третман.

Директор на
НУ Завод и Музеј, Прилеп

_____
Гордана Данилоска Спироска